**НОВАТА ФАМИЛИЈА ЈАСТРЕВСКИ ОД ПОПОВСКИОТ РОД ЛАЛОШОИ ОД ЛЕШОК *)**

Родот Лалошои (Лалошооj) од Лешок е свештенички (поповски) род неколку векови во минатото. Во Лешок има два стари свештенички родови Лалошои (Лалошооj) и Љешкои (Љешкооj). Родот Лалошои е најголем род во Лешок и од него се разгранети повеќе нови фамилии: Спироски, Јастревски, Атанасовски, Ончески, Дамјановски, Коцевски, Пауноски и други. Родот Лалошои е разгранет и има лоза во Непроштено, од кој се јавуваат новите фамилии: Богдановски, Зафировски и Исајловски, а гранки има во Слатина, Варвара и др. Денес, родот Лалошои е раширен во многу градови и села во Македонија, Бугарија, Србија, Хрватска, Германија, САД и други држави.
За родот Лалошои и новите фамилии Спироски и Јастревски има напишано текстови во неколку книги од трите автори, родени во Лешок: Илија Петрушевски, две книги (Лешек и Лешок), Живко Спироски, една книга ( Родот Лалошои од Лешок) и Митко Спироски, пет книги ( Поповската фамилија и род Спироски-Онуфриевски ) и др. книги, споменати подолу:

1. Поповската фамилија и род СПИРОСКИ (Онуфриевски-Лалошои- Главино-Византијци ) од Лешок, Македонија, (стр. 228-230, 481- 510, 563-574, како и Табелите под: бр. 1, 2, 2-а, 3, 7, 8, 9, 18, 26, 27,28, 29, 33, 33-а, 34 и 35), кои се во прилог и како Додатоци кон книгата, издена во Електронска форма, 2009 година, Види, Библиографија ( Р. бр. 1 );

2. Лешок од Македонија во фотографии, (стр. 69-85 и 86-94), издадена во хартиена форма и во Електронска форма на ЦД Диск во ПДФ, 2020 година, Види, Библиографија (Р. бр. 5 и 16 );

3. Родот ЛАЛОШОИ од Лешок, Македонија - Поуке, закони и совети во животот, (стр. 83 - 120 ), **Електроско** издание ЦД Диск, 2010, Види, Библиографија ( Р. бр. 4 );

4. **РЕЧНИК** на зборови говорени во Лешок, Македонија - Лешочки говор (**Љешечки гоор**) – Енциклопедиски речник -Мала Лешочка енциклопедија, ( стр. 93 и 94, 129, 170-171, 193-194, 229-230, 298-303 и стр. 311-316), издадена во хартија, 2024 година, Види Библиографија, (Р. бр.18 );

5. Лешаните и Лешочкиот манастир за историјата на Македонија и Македонците (стр. 37 - 38, 47 - 49 и 68-82), издадена во хартија 2022 година. Види, Библиографија ( Р. бр. 17); и

6. Генерација ученици 1949/50 година во училиштата и Гимназија Кирил Пејчиновиќ ( Лешок, Теарце и Тетово), ( стр. 50 -55 ), издадена 2024 година, Види, Библиографија, ( Р. бр. 20 ).

Оваа книга на аџо Илија Јастревски е надополнување кон споменатите текстови во книгите, кои се однесуваат за поповскиот род Лалошои и новите фамилии Јастревски и Спироски од Лешок.
Во оваа книга има многу биографски податоци за Јасре Поп Ончев ( Онуфриевски) и неговите потомци, со што се збогатува со нови податоци родот Јасреej и секако и поповскиот род Лалошооj од Лешок. Во книгата има и лични гледања за односите на некои од потомците на Јасре, но, со тоа не се намалува вредноста на ова авторски дело на чичко Илија Јастревски.

***) Напомена:** За родовите и фамилиите во Лешок и многу повеќе за фамилиите СПИРОСКИ и ЈАСТРЕВСКИ од родот Лалошои од Лешок, ќе се задржам во новата книга која ја припремам, Види, Библиографија ( Р. бр,21) и здравје со помош на Господ, очекувам наскоро да излезе од печат.